РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-201/1

20-01-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 59-тата седница одржана на 14.01.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката пред ДКСК по предметот број 12-3574/1 од 29.09.2021 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно член 17 став 1 точка 4 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, ДКСК до Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и до членот на Владата одговорен за спроведување на Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата покренува Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност на ---------------- во својство на Заменик директор на ------------------------, -------------------------------- во својство на Заменик директор на -------------------------------------, ----------------- во својство на Заменик --------------------------------, --------------- во својство на Заменик министер за ------------------------ и ---------------------- во својство на Министер за ----------------------------------------------, поради прекршување на член 13 став 2 од Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата.

Предметот со број 12-3574/1 од 29.09.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предмет број 12-3574/1 од 29.09.2021 година е оформен по сопствена иницијатива на ДКСК, а во врска со наводи објавени во медиумите за тоа дека Заменик директорот на -------------------------------------------------, наместо на своето работно место на ден 22.09.2021 година, присуствувал на партиски настан, кој практично претставувал кампања за Локалните избори 2021. Станува збор за настан поврзан со изградбата на водоводна мрежа во скопското село Долно Количани.

Заради утврдување на фактичката состојба по предметот членови на ДКСК оствари средба со -----------------, заменик директор на ---------------. Г-динот ----------------- го потврди присуството на настанот во село Долно Количани во Студеничани при што наведе дека утрото бил на работа, а потоа го известил директорот дека ќе биде отсутен и напомена дека на настанот присуствувале и други функционери.

Од дополнително прибраните податоци, информации и фотографии од настанот видно е дека на истиот присуствувале и други избрани и именувани лица и тоа: ----------------------------- во својство на Заменик директор на ----------------------------------, ------------------- во својство на Заменик министер за --------------------------------, ----------------- во својство на Заменик министер за ------------------------ и ---------------- во својство на министер за --------------------------------------------------------.

Проектот под назив Водовод (секундарна мрежа) во долно Количани во Општина Студеничани со вкупна проектирана вредност 25.627.500,00 денари е дел од средствата од Договорот за концесија склучен помеѓу Република Северна Македонија, како концедент, ТАВ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Мралино Илинден како инвеститор и ТАВ ХАВАЛИМАНЛАРИ ХОЛДИНГ A.S., како референтен оператор, променет со Одлука за склучување на анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата, објавена во Службен весник на Република Северна Македонија бр.295 од 2020 година. Проект е од локално значење и се однесува на Општина Студеничани.

Во однос на релевантните одредби од Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, во член 13 став 2 е уредено дека „Носителите на извршни функции, надвор од работното време на институцијата со која раководат, можат да учествуваат во партиски активности како членови на политички партии, да бидат кандидати или да застапуваат партии и кандидати за локални, парламентарни и претседателски избори, но не смеат да ја загрозат нивната професионалност и достапноста на функцијата, односно должноста која ја извршуваат, а притоа секогаш приоритет ќе има функцијата, односно должноста која ја извршуваат“.

Исто така, во член 23 од кодексот е уредено дека:

„Во случај на непочитување на одредбите од овој кодекс членот на Владата одговорен за спроведување на кодексот вербално и писмено му укажува на носителот на извршна функција дека го прекршил кодексот и му укажува да го поправи однесувањето. Писменото укажување се доставува и до сите носители на извршни функции како мерка која има за цел да влијае на идното нивно однесување и да превенира идни прекршувања на кодексот по таа одредба од страна на носителите на извршни функции.

Во случај на непочитување на одредбите од овој кодекс, врз основа на мислењето на членот на Владата назначен за одговорен за следење на спроведување на кодексот, претседателот на Владата може да одлучи да примени некоја од следниве мерки:

- изразување на несогласување, односно официјална критика за однесувањето на лицето кое не го почитувало овој кодекс и укажување да го поправи однесувањето при што истото може и јавно да се објави,
- политичка одговорност, односно барање за поднесување на оставка на носителот на извршна функција или предлог за негово разрешување и/или
- покренување на иницијатива за информирање на надлежни институции, најдоцна во рок од еден месец од денот на дознавањето за непочитувањето на овој кодекс, закон, особено Законот за спречување на корупција и судир на интереси, Законот за заштита на укажувачи и Законот за лобирање“.

Од дополнително прибраните податоци, информации и фотографии од настанот видно е дека на истиот присуствувале и -------------------------- и -------------------- пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, меѓутоа за истите не постојат елементи за натамошно постапување.

Имено, во член 22 од Законот за пратениците е уредено дека:

„Работното време на пратеникот, по правило, трае 40 часа неделно.

По исклучок работното време на пратеникот трае подолго од времето утврдено во ставот 1 од овој член, на начин и под услови утврдени со одредбите од Деловникот на Собранието".

Согласно член 23 од Законот за пратениците:

„Пратеникот освен во редовната работа и заседанија на Собранието и неговите работни тела е должен да остварува: - редовни контакти со граѓаните,- редовни контакти и консултации со невладини организации,- контакти, соработка и консултации со Синдикатот и со здруженија нраграѓани,- соработка со меѓународни организации и - други активности од надлежноста на Собранието, посебно вопроучувањето наиницијативите и предлозите за потребата оддонесување на закони, други прописи иопшти акти".

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК констатираше дека ----------------- во својство на Заменик директор на ------------------------, ---------------------------------- во својство на Заменик директор на ----------------------------------------, ------------------- во својство на Заменик министер за -------------------------------, ------------------ во својство на Заменик министер за -------------------- и --- ---------------------------- во својство на Министер за ----------------------------------------------------------- - постапиле спротивно на член 13 став 2 од Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата поради што доставува иницијатива до Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и до членот на Владата одговорен за спроведување на Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата со цел да поведат постапка за утврдување на одговорност на истите.

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Горан Трпеноски**